**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**БОГДАНЦИ**
**Бр. 12-06/5**
**12.05.2017 година**
**Богданци**

Врз основа на член 161 став (3) од Изборниот законик („Службен весник на РМ"„ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/12, 31/2013, 34/2013, 14/2014,30/2014,196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016), Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, бр.08-723/3 од 03.05.2017 година („Службен гласник на општина Богданци", бр.07/2017), Оштинската изборна комисија Богданци, на седницата одржана на ден 12.05.2017 година ги донесе следните:

# ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ
## за набљудување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година

Овие Правила и Процедури за набљудување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година, имаат за цел да ја утврдат процедурата и правилата за набљудување на процесот од страна на акредитираните набљудувачи, како и подобрување на интегритетот и транспарентноста на процесот.

## I. ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ за набљудување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017година

Правилата за набљудување претставуваат збир од практични насоки за начинот на спроведување на набљудувањето на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година.

**Акредитираните набљудувачи ТРЕБА:**

- Да ги почитуваат и познаваат одредбите од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните и Изборниот законик, како и овие правила и процедури и да се придржуваат кон одредбите со кои се уредува постапката;
- Да се непристрасни во извршувањето на своите должности при што не смеат да изразат пристрасност кон изборните органи, политички партии или по било какво спорно прашање во процесот;
- Да носат на видно место овластувањето – беџ издаден од Оштинската изборна комисија Богданци, како и документ за идентификација;
- Своите заклучоци треба да ги засноваат на документирани и потврдени факти.

**Акредитираните набљудувачи НЕ СМЕАТ:**

- Да влијаат на било кој начин на процесот на спроведување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година;
- Да носат партиски симболи и или ознаки;
- Да даваат упатства на гласачите, изборните органи и овластените службени лица;

- Да влијаат на работата и одлуките на изборните органи.

II. **УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА за набљудување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година**

**БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СВОЈСТВО НА НАБЉУДУВАЧ**

Право да достават барање за стекнување својство на набљудувач до Оштинската изборна комисија Богданци имаат:

- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права,
- меѓународни организации и
- претставници на странски земји.

**БАРАЊЕ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ**

Барањата за набљудување со потребните исправи за идентификација се доставуваат до Оштинската изборна комисија Богданци од денот на распишувањето на референдумот, а најдоцна пет дена пред денот на гласањето.

**ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ**

Оштинската изборна комисија Богданци им издава овластувања – беџ на набљудувачите најдоцна 3 дена по приемот на барањето.

Организациите и лицата кои се стекнале со својство акредитиран набљудувач можат да вршат набљудување на целиот процес по добивање на овластувањето – беџот од Оштинската изборна комисија Богданци.

Оштинската изборна комисија Богданци има право да им го одземе овластувањето– беџот за набљудување на субјектите од став 1 од оваа точка, ако се однесуваат спротивно на овие Правила и Процедури.

**ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ТЕКОТ НА ПРОЦЕСОТ**

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на процесот на спроведување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година и активностите поврзани со неговото набљудување.

**ЛЕГИТИМИРАЊЕ**

При посетата на седиштата на изборните органи и на избирачките места, набљудувачите покажуваат:

- Копија од овластувањето за набљудување;
- Овластувањето – беџот издаден од Оштинската изборна комисија Богданци;
- Документ за идентификација.

Оштинската изборна комисија Богданци ќе донесе Упатство за изгледот на беџовите за набљудување на Референдумот на локално ни во во општина Богданци на 11.06.2017година.

Овие Правила и Процедури за набљудување стапуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават на Огласна табла и на веб страната на општина Богданци.

**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА БОГДАНЦИ**

М. П.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**БОГДАНЦИ**
**Венера Зелева**